МКД
СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ
И КОМУНАЛНИ РАБОТИ

Број:11 – 1749/2
Датум: 11.03.2022
Скопје

## ЗАПИСНИК ЗА КОНСТАТАЦИЈА

Комисијата за следење на состојбите на извршување на работите за поставување на подземни инсталации на Општина Карпош на ден 11.03.2022 година изврши увид на лице место на ул.“4“ н.м. Бардовци, по барање на Инвеститорот “ЕВН – Македонија“, Корисничко Енерго Центар – Ѓорче Петров, Скопје кој треба да изврши изведба на електромонтерски и земјеноградежни работи за положување на нов НН кабел NAY2Y-J 4X240mm$^2$ од постоечки КРО F4 до нов КРО F4, заради реализација на нов приклучок за објект на барател Сузана Гркова.

Од увидот на лице место констатирано е дека за реализација на барањето според техничкото решение за овој предмет, ЕВН Македонија за планираниот зафат предвидува да положи кабел NAY2Y-J 4X240mm$^2$. Трасата за новата електрична инсталација започнува од постоечко КРО F4 и продолжува по тротоар од бекатонска подлога и дел по земјена подлога се до новопредвиден КРО F4, лоциран пред оградата на објекот на барателот.

Трасата на ровот за подземниот вод е со вкупна должина од 82.00м, од кои 80.00м по бекатонска подлога и 2.00м по земјан пат на ул.„4‘ н.м. Бардовци а кои припаѓаат на јавна површина при Општина Карпош.

На име на надомест за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации согласно Одлуката бр.09-8033/18 од 13.12.2021 година на Советот на Општина Карпош за утврдување на норминирана цена за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации, се задолжува Инвеститорот за подлога од павер елементи да уплати износ од 11.328,00 денари со вклучено ДДВ, за прекоп на тротоар од павер елементи и за прекоп по земјена подлога 189,00 денари со вклучено ДДВ.

На Инвеститорот – Изведувач дадени му се насоки за начинот на изведување на сите градежно земјани работи за положување на подземниот електричен вод како и обезбедување на трасата за безбедност на минувачите со сите потребни означувања. Подлогата по положување на електричните кабли да се врати во првобитна состојба на тој начин што ископаниот материјал од ровот од тротоарска подлога од бекатон да се транспортира до депонија, околу инсталациите да се постави ситен песок, останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви, да се постави ситен песок и да се пререди бекатонот по целата широчина на тротоарот.

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925*
***www.karpos.gov.mk***

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ
И КОМУНАЛНИ РАБОТИ

Ископаниот материјал од ровот од земјена подлога да се транспортира до депонија околу инсталациите да се постави ситен песок и останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви.

По завршување на сите градежни работи околу изведувањето на електричниот подземен вод, Комисијата ќе изврши повторен увид со цел да утврди дали квалитетно се завршени работите и дали е подлогата вратена во првобитна состојба.

Комисија за следење на
состојбите на извршување на работите
за поставување на подземни инсталации

Данче Поповска D.Popovska

Соња Крајничанец

Тома Мандилоски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КАРПОШ СКОПЈЕ

ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925
www.karpos.gov.mk